Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

Извадок на дел од дневни настани 12.12.2020

На 11.12.2020 во 22.35 часот во угостителски објект во с. Жеровјане,тетовско при спроведена акциска контрола од полициски службеници од СВР Тетово во содејство со Државен пазарен инспекторат биле затекнати околу 40 гости во објектот при што од слобода биле лишени сопственикот на објектот Х.А.(31) од с.Боговиње,тетовско, поради постоење основано сомнение дека сторил две кривични дела „Непостапување според здравствените прописи за време на епидемија" и „Трговија со луѓе", како и двајца гости во објектот И.Д. (30) од Тетово бидејќи кај него била пронајдена прашкаста материја и Е.З.(21) од с. Горно Седларце, тетовско, кај кого била пронајдена марихуана. Воедно во објектот биле затекнати и седум државјани на Р.Србија, една државјанка на Р.Бугарија и две наши државјанки кои работеле во угостителскиот објект и истите се лишени од слобода. Објектот е затворен од Државениот пазарен инспекторат и по документирање на случајот ќе бидат поднесени соодветни поднесоци.

На 10.12.2020 околу 09.00 часот во СВР Скопје, Ј.Т.(69) од с.Марино, скопско пријавила дека на улица во с.Марино била касната од куче скитник.

На 11.12.2020 во 13.30 часот во Полициска станица Кичево, И.С.(59) од Кичево пријавил дека на магистарлниот пат А2 во Кичево бил каснат од куче скитник.

Министерството за внатрешни работи во текот на вчерашниот ден (11.12.) продолжи со засилените акциски контроли во областа на сообраќајот. На територијата на град Скопје изречени се вкупно 461 мерки, меѓу кои за возење без возачка дозвола 38 санкции, 16 мерки за нерегистрирани возила, 16 мерки за управување под дејство на алкохол, 25 санкции за користење на мобилен телефон, 65 мерки за непрописно паркирани возила и 18 санкции за неносење заштитна маска.

На 11.12.2020 во 15,15 часот во Скопје на крстосницата од ул.„Босна и Херцеговина" и ул. „Лазар Трповски", се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко моторно возило „голф" со скопски регистарски ознаки, управувано од А.С.(59) од с.Долно Свиларе,скопско и патничко моторно возило „фолксваген венто" со скопски регистарски ознаки, управувано од Р.Б.(19) од с.Арачиново,скопско. По незгодата во Градска општа болница „Св.Наум Охридски" биле пренесени возачот на патничко моторно возило „венто" Р.Б. на кого му биле констатирани тешки телесни повреди, и сопатниците во патничкото моторно возило „голф", З.И.(32), С.С.(58) и двајца малолетнници, на кои им биле констатирани телесни повреди. Извршен е увид на местото на настанот.

Министерството за внатрешни работи во текот на вчерашниот ден (11.12.) продолжи со засилените акциски контроли во областа на сообраќајот. На територијата на општина Центар изречени се вкупно 187 мерки, меѓу кои за возење без возачка дозвола 18, седум санкции за технички неисправни и нерегистрирани возила, пет мерки за минување на затворен сигнал(црвено светло) и осум мерки за возење под дејство на алкохол...

На 11.12.2020 околу 17,40 часот во Скопје на бул.„Србија" се случила сообраќајна незгода во која учествувале автобус „мерцедес" со скопски регистарски ознаки управуван од И.С. (26) од Скопје и малолетен велосипедист од Скопје. По незгодата велосипедистот бил пренесен во Комплекс клиники„Мајка Тереза" каде му биле констатирани тешки телесни повреди. Извршен е увид на местото на настанот.

На 11.12.2020 во 07,40 часот на автопат Скопје – Велес, патничко моторно возило„форд" со велешки регистарски ознаки управувано од Т.А.(29) од Велес изгубило контрола и удрило во метална ограда. По незгодата Т.А. бил пренесен во Општа болница Велес каде од доктор му биле констатирани тешки телесни повреди. Извршен е увид на местото на настанот.

Единица за недозволена трговија при СВР Скопје, поднесе кривична пријава против А.Д.(51) од Прилеп, поради постоење основи на сомнение дека неовластено набавила, поседувала и носела огнено оружје пиштол, со намера истото да го препродаде, со што сторила кривично дело „Недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи" казниво по член 396 од Кривичниот законик. На 09.12.2020 околу 13,00 часот по претходно добиени сознанија на бензинска пумпа на ул. „Александар Македонски", полициски службеници извршиле легитимирање и претрес на пријавената, при што кај неа пронашле пиштол „црвена застава М88" кал. 9 мм со една рамка со 5 куршуми и една празна рамка, по што пријавената појаснила дека пиштолот го купила од лице од Штип за 300 евра, со намера да го препродаде. Од извршеното вештачење на одземениот пиштол утврдено е дека истиот бил предмет на кривично дело, односно е пријавен за украден.

На 11.12.2020 во 10.00 часот во СВР Скопје, А.Н.(22) од Скопје пријавил дека на 09.12.2020 околу 16.50 часот на крстосница од ул. Македонско Косовска Бригада со ул.Втора Македонска Бригада во Скопје бил физички нападнат од две лица и истите му го оштетиле негово возило. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 11.12.2020 во 11,00 часот во СВР Скопје, М.И.(33) од с.Батинци пријавила дека околу 10,15 часот во близина на маркет во с.Батинци по претходно случена сообраќајна незгода била физички нападната од Р.З. од с.Елово. Сочинет е записник за констатиран прекршок по чл.12 од ЗПП-ЈРМ.

На 11.12.2020 во 20,25 часот во СВР Куманово, Г.Д.(41) од Куманово пријавила дека околу 19,15 часот во близина на продавница во Куманово нејзината 15 годишна ќерка била физички нападната од 15 годишен малолетник од Куманово. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 10.12.2020 во 23,00 часот во Полициско одделени Ранковце било пријавено дека на плоштад во с.Ранковце околу 22,50 часот дошло до нарушување на јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу А.Д.(34) од Крива Паланка, Д.С.(18) од с.Дрење и А.С.(20) од Крива Паланка, од една страна и Ф.Н.(23) од с.Радибуш, општина Ранковце и З.Т.(24) од с.Ранковце, од друга страна. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 11.12.2020 во 20,35 часот во СВР Скопје, И.М. од Скопје пријавил дека околу 20,05 часот во близина на сендвичара на подрачје на Центар, две лица со закана од неговиот син одзеле паричник. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 11.12.2020 во 23,50 часот во Полициска станица Центар, Д.Б.(31) од Скопје пријавил дека околу 21,55 часот на подрачје на Центар, бил физички нападнат со тврд предмет од две лица, кои му одзеле мобилен телефон. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 12.12.2020 во 00,05 часот во СВР Битола, В.Т.(29) од Битола пријавила дека на 11.12.2020 околу 23,50 часот во продавница во Битола, две лица со закана одзеле пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 11.12.2020 во 18,00 часот во Полициска станица Кочани, 34 годишна жителка од кочанско село пријавила дека околу 11,00 часот во барака во атар на кочанско село, врз неа била извршена обљуба од И.Ј. од с.Жиганци. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 11.12.2020 околу 17,00 часот во СВР Скопје било пријавено дека на подрачје на Карпош, додека М.Ј.(60), С.Ј.(28) двајцата од с.Волково,скопско и М.П.(53) од Скопје биле застанати на семафор со патничко моторно возило„мерцедес" со скопски регистарски ознаки, поради недоразбирање во сообраќајот биле физички нападнати од четири лица кои биле со патничко моторно возило„мерцедес". Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 12.12.2020 во 01,20 часот во Полициско одделение Галате, С.Д.(43) од с.Врапчиште,гостиварско пријавил дека во с.Горно Седларце додека бил заедно со неговите пријатели Џ.С.(47), С.И.(43) и Е.И.(50) сите од с.Врапчиште биле физички нападнати од повеќе лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 12.12.2020 во 01,45 часот во Полициска станица Бит Пазар, И.С.(60) од Скопје пријавила дека од семејниот дом во Скопје се оддалечил нејзиниот сопруг Р.С.(70). Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 11.12.2020 околу 12.10 часот во СВР Скопје било пријавено дека во кругот на Македонски Пошти-Пошта 2 во Скопје поради недоразбирање во сообраќајот дошло до нарушување на јавниот ред и мир со меѓусебна физичка пресметка помеѓу Р.К.(38) од Скопје и В.С.(47) од Скопје. Сочинет е записник за констатиран прекршок по чл.11 од ЗППЈРМ.

На 11.12.2020 во 20.00 часот во СВР Струмица, 41 годишна жителка на Струмица пријавила дека била извршена обљуба врз нејзината малолетна ќерка од страна на И.А. од с.Старо Балдовци. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 11.12.2020 во 13,45 часот во СВР Струмица, Ф.М.(36) од Струмица пријавил дека околу 13.00 часот на ул. Бетовенова во Струмица бил физички нападнат со метален предмет од Р.А. и С.А. при што му било оштетено и неговото возило. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 12.12.2020 во 01.00 часот во СВР Тетово, С.Ф.(45) од Тетово пријавил дека бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.